Република Македонија
НОТАР
Анета Петровска Алексова
За подрчјето на основните судови на Градот Скопје
ул. Никола Вапцаров" бр.3/1
28.04.2013 година
Две илјади и тринаесетта година ,месец април, ден дваесет и осми

ОДУ бр. 680/2013
Книга 5
изворник

Јас, Нотар на Анета Петровска Алексова, со службено седиште во Скопје, ул.Никола Вапцаров, број 3/1, потврдувам дека на Покана за учество на Собрание акционери на СКОПСКИ ПАЗАР Акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз-Скопје, од 03.04.2013 год., на ден 28.04.2013година (две илјади и тринаесетта година, месец април, ден дваесет и осми) , со почеток во 12,00 часот, присуствував на годишната седница на Собрание на акционерите на СКОПСКИ ПАЗАР Акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз-Скопје , кое се одржа во просториите на Ресторанот „14-ка„ на ул. Лондонска, б.б., во Скопје , при што согласно член 73 од Законот за нотаријатот и член *298 и 383 член 407* од Законот за трговските друштва (Службен весник на Република Македонија бр.28/04), го составив следниот,-----------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------ЗАПИСНИК------------------------------------------

--------------------------------------од 16-то ГОДИШНО СОБРАНИЕ ------------------------------------

-----на АКЦИОНЕРИТЕ НА СКОПСКИ ПАЗАР Акционерско друштво во приватна -------------------
сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз-Скопје----------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на годишната седница на Собранието ми беа предочени:-----------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1.) Тековна состојба на правното лице од Единствениот трговски регистар и регистарот на другите правни лица , со ЕМБС 4061764, со седиште на бул. Јане Сандански, бр. 109-Б, издадена од Централниот регистар на Република Македонија, РРК Скопје , на СКОПСКИ ПАЗАР Акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз-Скопје;-----------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2.) Акционерска книга на СКОПСКИ ПАЗАР Акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз-Скопје, издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 16.04.2013 година според која Друштвото има вкупно 70937 ( седумдесет илјади деветстотини триесет и седум ) обични акции, со номинална вредност на ХВ од 51,13 ЕУР (педесет и едно евро и тринаесет евро центи), со вкупно број на гласови 70937 ( седумдесет илјади деветстотини триесет и седум ); ----------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3.) Список на присутни акционери;----------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

4.) Повик за одржување на 16-то Годишно Собрание на Друштвото објавен во дневниот печат "Дневник" на ден 03.04.2013 година.-------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од Списокот на присутни или претставени акционери на годишната седница на на 16-то Собрание на акционери за 28.04.2013 година. утврдив дека на Собранието се присутни акционери со вкупно 41.960 (четириесет и една илјади деветстотини и шеесет) обични акции , искажано во проценти

,присутни се 65,81 % (шеесет и пет запирка осумдесет и еден проценти) од вкупниот број на акции со право на глас .-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа, утврдив дека има кворум за работа и Собранието може да донесува полноважни одлуки. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Досегашниот Претседавач на седницата на Собранието,Г-дин Зоран Соколов, констатира дека согласно Законот за трговските друштва записникот го води нотар,односно,записникот од 16-то Годишно Собрание ќе го води Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје. ------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

1.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ-----------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Досегашниот Претседавач, Г-дин Зоран Соколов, го отвори јубилејното 16-то Годишно Собрание на акционерите, ги поздрави сите присутни и утврди дека се исполнети условите Собранието полноважно да работи и одлучува.-----------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Досегашниот Претседавач на Собранието Г-дин Зоран Соколов, за бројачи на гласовите ги предложи акционерите Ленче Јовчевска и Лидија Панчева Ивковиќ, кои беа едногласно избрани.-----
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

За Претседавач на ова Годишното Собрание, од страна на акционерот Боце Славков ,беше предложен досегашниот претседава досегашниот Претседавач, Г-дин Зоран Соколов.кој по спроведеното гласање беше едногласно избран.-----------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Новоизбраниот Претседавач,Г-дин Зоран Соколов, се заблагодари за дадената доверба, појасни дека предложениот Дневен ред за ова Собрание, беше објавен во дневното гласило кога беше објавен јавниот повик за свикување на Годишнотот Собрание и на интернет страницата на „Скопски Пазар АД Скопје,со појаснување дека до законскиот рок за поднесување на барања за дополнување на дневниот ред ,такви барања не се поднесени, па отвори дискусија по предложениот дневен ред ,напомнувајќи дека дискусиите се ограничени на десет минути,--------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД :---------------------------------------------------

Процедурален дел (кворум, избор на претседавач, бројачи на гласови нотар како записничар);--------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. **1.** Усвојување на Записникот од Собрание на акционерите на Скопски Пазар А.Д. -Скопје одржано на 29.04.2012 година;-------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Донесување Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работа на Акционерското друштво во 2012 година;---------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

3. Разгледување на извештајот на Ревизорската куќа „Грант Тхортон,, од извршената ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Скопски Пазар А.Д.-Скопје за 2012 година;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

4. Донесување Одлука за одобрување на Годишна сметка за 2012 година и за распределба на добивката;-------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

5. Донесување Одлука одобрување на работата на членовите на Управниот одбор ( колективно и поединечно) ;-------------------------------------------------------------------------------------------

6. Донесување Одлука одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор ( колективно и поединечно) ;----------------------------------------------------------------------------------------------------

7. Донесување Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во 2013година .--------------------------------------------------------------------------------

8. Донесување Одлука за исплата на дивиденда и за утврдување на датумите за исплата за 2012 година .-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Предложениот дневен ред беше едногласно усвоен и Собранието пристапи со работа .-------------------

2.РАБОТЕН ДЕЛ:-----------------------------------------------------------------------------------------------

**1). По првата точка од Дневниот ред - Усвојување на Записникот од Собрание на акционерите на Скопски Пазар А.Д. -Скопје одржано на 29.04.2012 година** ,Претседавачот на Собранието отвори дискусија.---------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор , Претседавачот ја затвори дискусијата и се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------------
По спроведеното гласање се констатираше дека **Записникот од Собрание на акционерите на Скопски Пазар А.Д. -Скопје одржано на 29.04.2012 година.едногласно беше усвоен,односно,со 100(сто)%.**----------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.)По втората точка од Дневниот ред -Донесување Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работа на Акционерското друштво во 2012 година**,Претседавачот истакна дека Извештајот за работењето на Друштвото за 2012 година со предлог Одлуката бил објавен на официјалната интернет страницата на Друштвото и достапен во материјалите на Друштвото,и потоа отвори дискусија по Предлог Одлуката.------------------------------------------------------------------------

За дискусија се пријави акционерот Асен Петровски,кој истакна дека по проучувањето на Годишниот извештај ,утврдил дека и покрај светската криза ,Друштвото има добра добивка,што е и за пофалба.Но има и некои забелешки на работењето, кои особено се однесуваат на реновирањето,односно,на модернизирањето на пазарите ,со кои стопанисува Друштвото,потоа смета дека има намалување на платата на вработените за 4(четири) проценти и го загрижува и надоместокот кој го прима менаџментот на Друштвото.-------------------------------------------------

Од причина што никој друг не се јави за збор , Претседавачот ја затвори дискусијата и се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------
По спроведеното гласање се констатираше дека **ОДЛУКАТА за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за 2012 година** беше донесена со 40.851,00 (четириесетилјадиосумстотинипедесетиеден)гласови ЗА и 1109 (илјада стоидевет) гласови против ,односно **ОДЛУКАТА за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за 2012 година беше донесена со 99,50 (деведесетидевет запирка педесет) %** . ------------

**3.)По третата точка од Дневниот ред -Разгледување на извештајот на Ревизорската куќа „Грант Тхортон„ од извршената ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на „Скопски Пазар„ А.Д.-Скопје за 2012 година**, Претседавачот отвори дискусија.--------------------

За дискусија се пријави претставникот-партнерот на ревизоската куќа „Грант Тхорнтон„-Скопје,Г-дин Марјан Андонов,кој даде кратко објаснување на поднесениот извештај.---------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој друг не се јави за збор , Претседавачот ја затвори дискусијата и се пристапи кон гласање.---------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По спроведеното гласање се констатираше дека дека **ОДЛУКАТА за усвојување на извештајот на Ревизорската куќа „Грант Тхортон„ од извршената ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на „Скопски Пазар„ А.Д.-Скопје за 2012 година,едногласно беше донесена со 100(сто)%**-----------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.)По четвртата точка од Дневниот ред-Донесување на Одлука за одобрување на Годишна сметка за 2012 година и за распределба на добивката,** Претседавачот отвори дискусија.--------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој друг не се јави за збор , Претседавачот ја затвори дискусијата и се пристапи кон гласање.----------------------------------------------------------------------------------------------
По спроведеното гласање се констатираше дека **Одлуката за одобрување на Годишна сметка за 2012 година и за распределба на добивката ,едногласно беше донесена ,односно,со 100(сто)%.**---
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.По петтата точка од Дневниот ред-Донесување Одлука одобрување на работата на членовите на Управниот одбор ( колективно и поединечно),** Претседавачот на Собранието, појасни дека одделно се гласа за одобрување на работата Управниот одбор колективно, и одделно се гласа за секој член на Управниот одбор за водењето на работите на членовите на Управниот одбор - Сашо Давитковски, Тошо Давитковски, Јован Јовановски, Слободанка Ристовска и Боце Славков ,и потоа отвори дискусија .------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој друг не се јави за збор , Претседавачот спроведе гласање за работата на Управниот одбор , колективно , како и гласање за водењето на работите на членовите на Управниот одбор за секој поединечно,и тоа: **-ОДЛУКАТА за одобрување на работата на Управниот одбор колективно и за водењето на работењето на членовите на Управниот одбор на Скопски пазар А.Д. за 2012 година за секој поединечно : - Сашо Давитковски, претседател на Управниот одбор и на членовите: - Тошо Давитковски; - Јован Јовановски, - Слободанка Ристовска , и - Боце Славков, едногласно беше донесена ,односно,со 100(сто)%.**----------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**<u>6.По шестата точка</u> од дневниот ред- Донесување Одлука одобрување на работата Надзорниот одбор и на членовите на Надзорниот одбор ( колективно и поединечно) ,** Претседавачот на Собранието, како и по претходната точка од дневниот ред, појасни дека одделно се гласа за одобрување на работата Надзорниот одбор колективно, и одделно се гласа за секој член на Надзорниот одбор за водењето на работите на членовите на Надзорниот одбор.-----------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој друг не се јави за збор , Претседавачот спроведе гласање за работата на Надзорниот одбор , колективно , како и гласање за водењето на работите на членовите на Надзорниот одбор за секој поединечно,и тоа: **-ОДЛУКАТА за одобрување на работата на Надзорниот одбор колективно и на членовите на Надзорниот одбор на Скопски пазар А.Д. за 2011 година за секој поединечно : - Предраг Милосављевиќ, претседател на Надзорниот одбор и на членовите: - Сашо Арсов, независен член, и - Бошко Ристовски , едногласно беше донесена,односно, со 100(сто)%**---------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**7.) По седмата точкка од Дневниот ред- Донесување Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во 2013 година** :Претседавачот на Собранието наведе дека Друштвото е задоволно од досегашната работа на

ревизорската куќа „Грант Тхоритон,,-Скопје и истата ја предложи за ревизорска куќа и за 2013 година , па отвори дискусија---------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој друг не се јави за збор , Претседавачот ја затвори дискусијата и се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По спроведеното гласање се констатираше дека **Одлуката за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи во 2013 година едногласно беше донесена ,односно,со 100(сто)%.**-------------------------------------------------------------------------------------

**8.) По осмата точка од дневниот ред- Донесување Одлука за исплата на дивиденда и за утврдување на датуми за исплата за 2012 година** , Претседавачот отвори дискусија--------------------

Од причина што никој друг не се јави за збор , Претседавачот ја затвори дискусијата и се пристапи кон гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По спроведеното гласање се констатираше дека **Одлуката за исплата на дивиденда и за утврдување на датуми за исплата за 2012 година ,едногласно беше донесена, односно,со 100(сто)%.**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По исцрпување на точките од Дневниот ред ,седницата на годишното Собранието заврши со работата во 13.00 часот-------------------------------------------------------------------------------------------

На Претседавачот на годишната седница на Собранието му го прочитав Записник и го предупредив за правните последици кои произлегуваат од оваа нотарската исправа.-----------------------------------------

Претседавачот на Собранието изјави дека содржината на овој Записник одговара во целост на вистинската состојба.--------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Претседавачот на годишната седница на Собранието лично го потпиша Записникот.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач на Собранието:Г-дин Зоран Соколов ----------------------------------------------------------------

Зоран Соколов - ---------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Записникот лично го составив на пет листа, на секој лист по една страна, во четири еднакви примероци, од кои еден за Централниот Регистар на РМ, два за СКОПСКИ ПАЗАР Акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз-Скопје, а изворникот останува во архивата на нотарот.------------------------------------------------------------------
Кои изворникот се приложени оригинали и заверени преписи потребни за изготвување на нотарскиот акт.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка во износ од 500,00 денари е уплатена на Буџетска Сметка на РМ.----------
Нотарската награда,согласно член 41 од ПНТ е пресметана во износ од 10.000,00 денари.---------------

ОДУ број 680/2013
Скопје, 28.04.2013 год.

НОТАР
Анета Петровска Алексова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НОТАР АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА СКОПЈЕ